Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), како и согласно Записникот од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1245/5 од ден 05.09.2024 година, со ранг-листа на кандидати кои ја поминале административната селекција по јавен оглас број 224/2024 од ден 21.08.2024 година, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1245/6 од ден 20.09.2024 година и ранг листа, Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1245/7 од ден 24.09.2024 година со листа, градоначалникот на општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А

**1.** На Јавниот оглас со број 223/2024 за вработување на административен службеник – 1 извршител за работно место УПР 01 01 В04 000 – Помлад соработник за нормативно-правни работи во Одделение за правни и општи работи, се избира Кристина Златевска.

**2.** Жалбата изјавена против оваа Одлука го одлага нејзиното извршување.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Росоман преку Агенцијата за администрација на ден 21.08.2024 година објави оглас за вработување на административен службеник – 1 (еден) извршител за работното место - Помлад соработник за нормативно-правни работи.

По спроведената постапка за вработување согласно одредбите од Законот за административни службеници, врз основа на Записниците со ранг листи од сите фази од постапката како и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за работното место за вработување по јавен оглас бр. 223/2024 од ден 21.08.2024 кој е доставен до градоначалникот од страна на Комисијата на ден 30.09.2024 година, која е формирана со Решение на Агенција за администрација, согласно член 37 од Законот за административни службеници, се одлучи како во диспозитивот.

*Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на Веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

Изработила : А/П

**Бр. 04 – 464/13**
**02.10.2024 година**
**Р о с о м а н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**